**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

Бр. 02-245/2-V-2
11.6.2024 год.
Скопје

*И - Образец 6*

Врз основа на член 42, а во врска со член 4 став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), и член 66 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 11.6.2024 година донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на редовен професор**

**1.** Се прифаќа предлогот во рефератот на рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1307 од 15 мај 2024 година за избор на д-р Виолета Јакимовска Поповска во наставно-научно звање редовен професор по предметите од наставно-научната област **дрвени композитни материјали** под број 41102 утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународна фраскатиева класификација).

**2.** Се избира д-р Виолета Јакимовска Поповска во наставно-научно звање **редовен професор** по предметите од наставно-научната област **дрвени композитни материјали** под број 41102 утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународна фраскатиева класификација), ***доживотно.***

**3.** Избраниот наставник од точка 1 на оваа Одлука заснова работен однос на неопределено време.

**4.** Одлуката се доставува до Сенатот на Универзитетот заради потврдување.

**5.** Одлуката стапува во сила со денот на потврдувањето од страна на Сенатот на Универзитетот.

**6.** Одлуката е доставена до: гореименуваната, архива, правна служба.

Декан

Проф. д-р Ѓорѓи Груевски